Australian Macedonian
TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1967 28 JUNE 2024 FREE


FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# СТОПАНСКА КОМОРА : НА СЕКОЈА ВТОРА ПРИВАТНА ФИРМА ВО МАКЕДОНИЈА И СЕ БАРА МИТО

## ОСНОВАЧОТ НА „ВИКИЛИКС“, ЏУЛИЈАН АСАНЖ ПОСЛЕ 14-ГОДИШНАТА ПРАВНА САГА СЛЕТА ВО КАНБЕРА:



# ОСЛОБОДЕН ВО АВСТРАЛИЈА

Сопругата на Џулијан Асанж, Стела Асанж, изјави дека нивните две деца ги чека „големо изненадување“.

– Сè што им кажав утрината кога тргнавме е дека ги чека големо изненадување. Им реков дека одиме да го посетиме нашето семејство, нивниот братучед, нивниот дедо и слично. И тие сè уште не знаат. Бевме многу внимателни зашто очигледно никој не може да спречи 5-годишно и 7-годишно дете, знаете, да вика од покривите во секој момент… Сепак, тие се многу возбудени што се во Австралија – изјави сопругата на Асанж.

Децата на Асанж никогаш не го виделе надвор од затворот „Белмарш“.

Стела изјави дека немала време да разговара за тоа што ќе прават двајцата кога тој ќе биде ослободен, но дека приоритет е Асанж да оздрави, бидејќи веќе пет години е во, како што наведе таа „ужасна состојба“, повторно да биде во контакт со природата и да има „свое време и приватност“.

Таа побара помош од поддржувачите бидејќи има намера да основа итен фонд за нејзиниот сопруг.

Асанж ќе треба да плати за чартер летот до Саипан, а потоа и до Австралија половина милион долари.

# МИЦКОСКИ: ПРИДАВКАТА „СЕВЕРНА“ Е ЗАТВОРЕНА ТЕМА, НО СО БУГАРИТЕ МОРА ДА РЕПРЕГОВАРАМЕ



# УНЕСКО ЈА ЗАБРАНИ ТРКАТА СО ФОРМУЛИ НА ВОДА ВО ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО






Промотивниот натпревар со формули на вода во Охридското Езеро (што беше најавен во јули) нема да се одржи. По острите реакции на 40 здруженија на екологисти од Македонија и Албанија конечно стигна забрана за настанот планиран да се одржи кај Поградец. Од УНЕСКО предупредија дека тоа ќе значи нарушување на еко системот на езерото прогласено за светско природно наследство.

Граѓанските активисти велат дека не се против економски развој и туризам, но не по цена на губење на универзалните вредности на Охридското Езеро.

Според иницијаторите на иницијативата за спречување на организација на ваков настан, за време на самата трка (за само неколку дена), во водата и во воздухот ќе се испуштеа штетни гасови еквивалентни на оние што ги испуштаат моторните возила и на брегот и во водата на езерото за цела година!?

**Идејата на организаторот била да се промовира Албанија како туристичка дестинација, а во тие рамки и Охридското Езеро**

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com




# БДП по глава на жител во МКД е половина од оној на ЕУ

Во Македонија бруто домашниот производ (БДП) по глава на жител е 59% под просекот на ЕУ, покажуваат официјалните европски статистики.

Меѓу земјите-членки на ЕУ, Луксембург има највисок БДП по глава на жител, а Бугарија најнизок. Европската статистичка служба „Евростат“ соопшти дека БДП по глава на жител, како мерка за економската активност, значително се разликува меѓу земјите-членки на ЕУ.

Во Луксембург, според податоците за 2023 година, БДП по глава на жител е за 139% над просекот на ЕУ, по што следат Ирска (111%) и Холандија (30%). Високиот БДП по глава на жител на Ирска може делумно да се објасни со присуството на големи мултинационални компании кои поседуваат интелектуална сопственост.

Уште осум земји имаат повисок БДП по глава на жител од просекот на ЕУ: Данска, Австрија, Белгија, Германија, Шведска, Финска, Малта и Франција.

Бугарија има најнизок БДП по глава на жител, 36% под просекот на ЕУ, потоа Грција (33%) и Летонија (29%).

Земјите од ЕФТА - Норвешка, Швајцарија и Исланд - исто така, имаат повисок БДП по глава на жител од просекот на ЕУ, за 73%, 54% и 34%.

Меѓу земјите кандидати за членство, Турција има највисок БДП по глава на жител, 27% помал од просекот на ЕУ, а по неа е Црна Гора (48% под просекот).

Во Србија БДП по жител е за 54% помал од просекот на ЕУ, а во Албанија и Босна и Херцеговина за 65%.






### ОБЈАВЕНА ПРВАТА ГОЛЕМА ИНВЕСТИЦИЈА:

# Ветерен парк од A$800 милиони што ќе донесе нови A$160 милиони во БДП



Премиерот Христијан Мицкоски, заедно со инвеститорот „Алказар енерџи" ја објавија големата инвестицијата за ветерен парк што ќе биде изграден во општините Карбинци, Штип и Радовиш.

– Македонскиот ветер ќе донесе дополнителни 100 милиони евра (A$160 милиони) годишно во БДП. Се работи за инвестицијата од 450 – 500 милиони евра (A$730-800 милиони). Ова е исклучително значаен проект за енергетското портфолио на државата кој значително ќе го подобри перформансот на нашиот енергетски сектор. Нема специјални закони, нема загарантиран откуп по загарантирна цена за 20 – 30 години, туку инвеститор кој ќе инвестира 450 милиони евра, а државата ќе добие за 100 милиони евра поголем приход во БДП што треба да донесе 20 отсто од вкупното производство на струја што ќе ја направи земјата енергетски балансирана. Во периодот што следи ќе има уште вакви убави изненадувања, нагласи Мицкоски.

Порача дека новата Влада ќе гради онаму каде нејзините претходници оставиле неуспешни проекти.

***Освен од македонското сонце, струја ќе има и од македонскиот ветер. Ова е најголема инвестиција досега во сегментот на ветерници во Македонија: 55 ветерници коишто ќе произведуваат еден терават час електрична енергија, струја за 100.000 домаќинства и 630 нови вработувања***

### Кој е инвеститорот „Алказар енерџи"?

Се работи за одржлив инфраструктурен фонд со седиште во Луксембург и фокусиран на проекти за обновливи извори на енергија во обем на комунални услуги на пазарите во развој, а со советодавен тим со седиште во Обединетите Арапски Емирати.

„Алказар енерџи" минатиот месец собра нови 490 милиони долари за вториот фонд, кој го носи називот „Alcazar Energy Partners II". Фондот, исто така, е поддржан од австриската развојна банка и неколку индустриски групи. Има добиено концесии за изградба на ветерници во Србија и црна Гора.

# АСАНЖ ОДЛЕТА ЗА АВСТРАЛИЈА КАКО СЛОБОДЕН ЧОВЕК ПО СУДЕЊЕТО НА ПАЦИФИЧКИОТ ОСТРОВ САИПАН



***За постигнување на договор со САД посредуваше поранешниот австралиски премиер Кевин Рад***

Основачот на „Викиликс", Џулијан Асанж (52), во средата излезе како слободен човек од судот на пацифичкиот остров Саипан, откако се изјасни како виновен за кршење на американскиот закон за шпионажа, по што му беше дозволено веднаш да замине за родната Австралија. Со ова се затвори 14-годишната правна сага во текот на која Асанж помина пет години во затвор во Лондон и седум години во еквадорската амбасада во Велика Британија, борејќи се против екстрадиција во САД, каде што беше баран за 18 кривични дела поврзани со објавување стотици илјади доверливи воени и дипломатски документи.

Саипан е остров во Пацификот (дел од Маријанските Острови) и е територија на САД а Асанж постигна договор со американското правосудство во врска со обвинувањата за шпионажа. За време на тричасовното сослушување тој ја призна вината по само една точка од обвинението - за заговор за добивање и објавување доверливи документи за американската национална одбрана:

- Работејќи како новинар, јас го охрабрував мојот извор да ми обезбедува доверливи документи, со цел да бидат објавени. Верував дека Првиот амандман ја штити таа активност, но прифаќам дека тоа беше кршење на законот за шпионажа, кажа Асанж.

Неговиот главен извор беше припадникот на американската армија Бредли Менинг, кој во меѓувреме беше осуден на 35 години затвор, го промени полот (сега е Челси Менинг) и беше помилуван(а) на крајот од мандатот на Барак Обама.

Окружната судијка Рамона Манглона го прифати договорот помеѓу Асанж и американското обвинителство, формално му изрече казна од 5 години и 2 месеца затвор и веднаш го пушти на слобода поради тоа што веќе ги отслужил во екстрадициониот притвор во Британија.

- Ние цврсто веруваме дека Џулијан Асанж никогаш не требало да биде обвинет според законот за шпионажа. Работата на „Викиликс" ќе продолжи, изјави неговиот адвокат Бери Полак.

Асанж излезе од судот без да одговара на прашања, по што го напушти Саипан со приватен авион и одлета за Канбера. За чартер летот од Лондон до Саипан, а потоа и до Австралија, Асанж треба да плати самиот, што чинеше половина милион долари, па ќе започне кампања за собирање средства.

Како дел од договорот со американското министерство за правда, на Асанж му е забрането да оди во САД без дозвола, додека неговата сопруга Стела кажа дека ќе бараат помилување за него. Тие се венчаа додека тој беше во затворот „Белмарш" во Лондон и добија две деца додека тој се криеше во амбасадата на Еквадор во Лондон.

Прајминистерот Ентони Албанезе изјави дека Австралија му дава помош на Џулијан Асанж. Потврди дека поранешниот австралиски прајминистер Кевин Рад патувал со г-дин Асанж заедно кога го напуштиле Лондон.

- Случајот се одолговлекуваше предолго, заклучи Албанезе.

# Рациново признание за Фросина Пармаковска



Македонската млада писателка Фросина Пармаковска е добитничка на Рациновото признание за 2024 година со романот „Сè уште можам нешто да сторам" (издание „Или-или" од Скопје). Наградата ѝ беше врачена на 19 јуни на свеченото отворање на 61 издание на „Рацинови средби" во Спомен-костурницата во Велес.

Одлуката за наградата во конкуренција од 25 книги ја донесе жирито во состав: Светлана Петрова Џамбазова (претседателката) и Маја Апостоловска и Јасминка Делова Сељанова (членки).




# Австралиските авиони тестираат лансирање на хиперсонични крстосувачки ракети



Кралските австралиски воздухопловни сили кои во своите редови располагаат со авионите „F/A-18F Super Hornets“ ќе тестираат лансирање на прототипи на крстосувачки проектил за хиперсоничен напад на американските воздухопловни сили како дел од развојот на тоа оружје.

Проектилите „HACM“, за кој Воздухопловните сили се надеваат дека ќе почнат да се употребуваат во ограничен број во 2027 година, се создадени со американско-австралиска соработка и треба да и помогнат да се стекне со сопствена способност за хиперсонични крстосувачки ракети со лансирање од воздух.

*„Ракетата се состои од две дела, ракетен засилувач и крстосувач со млаз кој се одвојува од засилувачот и на крајот тргнува кон својата цел“*, се вели во извештаите.

Очекуваната максимална брзина на ракетата е непозната, но хиперсоничната брзина обично се дефинира над 5 мах.

Воздухопловните сили во минатото изјавија дека планираат да го интегрираат „HACM“ прво на „F-15E Strike Eagle“, но очекувањата долго време беа дека ракетата на крајот ќе влезе во арсеналот на други авиони.

Ќе биде потребно барем одредено ниво на работа за интеграција за да се искористат австралиските „F/A-18F“ како платформи за тестирање за лансирање.

Главната причина за користење на „RAAF Super Hornets“ за да се помогне во тестирањето на „HACM“ е поврзана со *„достапноста и ограничувањата на опсегот на тестирање“*, кои се проблем за хиперсонични програми.

Значајни инвестиции беа направени во последниве години за да се поправи ова, вклучително и купувањето на флота на модифицирани дронови „RQ-4 Global Hawk“ наречени „Range Hawks“ за употреба во собирање податоци за време на хиперсонични тестови за летање.

*Австралија* има капацитети за поддршка на тие беспилотни летала, што ја зголемува можноста „Range Hawks“ да помогне во идните хиперсонични тестирања.

**ПОРАДИ ВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ:**

## Три града од Австралија меѓу десетте во светот што се недостапни за живеење

Пазарот на недвижности во последните две децении, насекаде низ светот, стана толку скап што денес мнозина сметаат дека во некои градови е невозможно да си дозволат да живеат.

Во овогодинешниот извештај се споредуваат просечните приходи со просечните цени на недвижностите. Утврдено е дека побарувачката за куќи со надворешен простор која многу се зголеми за време на пандемијата, како и политиките за користење на земјиштето насочени кон ограничување на урбаното ширење и инвеститорите што се собираат на пазарите довеле до зголемување на цените.

Американски градови на западниот брег и *Хаваи* заземат пет места од листата составена од десет најнедостапни градови во светот, според годишниот извештај за достапност на станбен простор на *Демографик Интернешнл*, кој ги следи цените на домовите веќе 20 години.

Можеби не е изненадува фактот што најскапите американски градови за купување куќи се во *Калифорнија*, каде *Сан Хозе, Лос Анџелес, Сан Франциско* и *Сан Диего* кој се најдоа на листата од топ десет во светот. *Хонолулу*, главниот град на *Хаваи*, е на шестото место од 94 главни пазари испитани во осум земји.

*Австралија* е единствената земја освен *САД* која доминира на листата на најнедостапни градови, предводена со *Сиднеј, Мелбурн* и *Бризбејн*.

Сепак, на врвот на глобалното скалило се уште е *Хонг Конг*, *„компактен азиски центар познат по своите мали станови и високите цени на киријата“.*

И *Ванкувер* и *Торонто* се најдоа на листата на градови, каде е речиси невозможно обичните граѓани да купат недвижен имот.

Извештајот го состави истражувачи од Центарот за демографија и политика на Универзитетот *Чепмен* во *Калифорнија* и *Фронтиер центар за јавна политика*, независен истражувачки центар за јавна политика во *Канада*.

Топ 10 скапи градови:

*1. Хонгконг*
*2. Сиднеј*
*3. Ванкувер*
*4. Сан Хозе*
*5. Лос Анџелес*
*6. Хонолулу*
*7. Мелбурн*
*8. Сан Франциско / Бризбејн*
*9. Сан Диего*
*10. Торонто*

## Поради инцидент евакуиран трговски центар во Аделаид




Полицијата на *Јужна Австралија* минатиов викенд соопшти дека истражува инцидент што се случил во трговски центар во *Аделаид*, што доведе до негова евакуација и предизвика полесни повреди кај некои луѓе.

Полицијата соопшти дека две групи млади кои се тепале во областа на трговскиот центар *Вестфилд Марион*, а некои од нив носеле нож.

*„Како резултат на овој инцидент, управата на трговскиот центар го вклучи алармот за евакуација и трговскиот центар беше опколен“*, се вели во соопштението на полицијата.

*„Многу клиенти кои бараа засолниште во продавниците беа безбедно изнесени надвор од центарот“*, се додава.

Полицијата соопшти дека е задоволна дека немало закана за заедницата, и се идентификувани инволвираните групи.

Помошникот на полицискиот комесар на *Јужна Австралија*, **Скот Дувал**, им изјави на новинарите дека снимките од трговскиот центар покажуваат дека станува збор за „случаен напад“, според мрежата *ABC*. **Дувал** додаде дека никој не е сериозно повреден во конфликтот што избувна меѓу групите момчиња, но дека 77-годишна жена паднала за време на процесот на евакуација и се здобила со скршеница, додека девојка за која се верува дека има 14 години, исто така, е повредена за време на евакуацијата.



Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Жените се новата генерација на дилери на дрога



Во *Австралија* се појави нова генерација на дилери на дрога, средовечни жени кои се свртуваат кон криминалот за да ги задоволат сопствените навики. Жени во своите 30-ти и 40-ти се новото лице на дилери на австралиските улици, велат експертите, додавајќи дека *„стереотипот на маж со сомнителен изглед"* повеќе не е норма. Една од тие жените, која сакаше да остане анонимна се подготвува да оди во затвор откако беше фатена како препродава дрога, од која е зависна. Оваа жена има сопствен бизнис и факултетска диплома, а и имала прекрасно семејство, но живеела двоен живот речиси десет години откога во своите дваесетти години за да избега од проблемите со плодноста се свртела кон метамфетаминот, по што следел крај на нејзиниот брак, а се бори и со недијагностицирано нарушување на вниманието, дефицит, хиперактивност (ADHD). По првото земање на метамфетаминот, не поминало долго време кога почнала да купува поголеми количини дрога за себе, но и да ја продава на други, и за сето тоа време успеала да ја сочува својата репутација во заедницата во која живеела. Жената имала добра работа и пристап до пари, била доверлива личност и луѓето и давале пари да може да купува поголеми количества дрога.

*„Кога почнав секојдневно да користам дрога, стана проблем како да ја набавам без да наидам на премногу опасни елементи или да бидам на место каде што би можеле да ме фатат со дрога. Луѓето како мене се одлични во криење на својот злочин, бидејќи не сакаме никој да знае за него. Не сме неуредни и не се караме на улици, туку продолжуваме да го живееме нашиот живот, а во исто време се обидуваме да ја намалиме нашата болка. Ова може да се најде насекаде, би се шокирале од информацијата кои се луѓе препродаваат дрога - доктори, возачи на брза помош, медицински сестри, работници во рудници"* - вели таа.

Експерт за зависности кој со децении работел во затворскиот систем вели лицето на дилерите на дрога денес се жени во триесеттите или четириесеттите години. За основачката на клиниката *Вајткавен (Whitehaven)*, **Табита Корсер**, е „запрепастувачки" растот на бројот жени кои препродаваат дрога, но тие честопати останува незабележливи.

Оваа клиника е специјализирана за рехабилитација и обезбедува програми за зависниците во затворите во *Западна Австралија*, а **Корсер** вели бројот на жени кои препродаваат дрога во последната година двојно се зголемил во однос на времето кога првпат го забележала овој тренд *„Кога пред 14 години почнав да се занимавам со оваа работа, речиси сто проценти од дилерите на дрога беа мажи. Кога некој почнува да препродава дрога, тоа е најчесто поради сопствената навика да користи дрога. Никој не станува дилер на дрога затоа што тоа е добар избор за кариера"* - вели таа.

**Корсер** вели жените во триесеттите и четириесеттите обично искусуваат повеќе животни кризи, што може да создаде лизгав терен за оние кои повремено користат дрога. *„Луѓето не знаат како да се справат со своите проблеми, па користат дроги кои ги користеле само повремено за да ја намалат болката. Тоа повеќе не го прават за забава. Почнуваат се почесто да користат дроги, а тоа чини пари, и се поставува прашањето како да дојдат до нив? Следниот логичен чекор е да почнат да продаваат дрога"* - рече таа.

Податоците на Австралискиот институт за здравје и благосостојба покажуваат дека метамфетаминот, алкохолот и кокаинот се најголемите проблеми со кои се соочуваат жените постари од 40 години. *„Тоа е дел од општеството кај кои најмалку би очекувале да го имаат овој проблем. Кај нас на лекување доаѓаат многу жени кои почнале да користат дрога за да се справат со големите животни кризи. Потоа тоа се претворило во редовна злоупотреба на дроги и на крајот ги довело до тоа да почнат сами да ги препродаваат"* - вели **Корсер** и додава: *„Полицијата ги апси, тие се појавуваат пред суд и добиваат куќен притвор, а пред изрекувањето на пресудата доаѓаат кај мене на рехабилитација. Тоа е лизгав терен, од алкохол преку рекреативна употреба на дрога, бројот на 40-годишни жени кои користат кокаин или метамфетамин е запрепастувачки"*. Податоците на Австралискиот институт за здравје и благосостојба, исто така, покажуваат дека употребата на кокаин во *Австралија* најмногу ги погодува големите градови и граѓаните со висок социоекономски статус. Генерално гледано, употребата на кокаин во *Австралија* е висока и порасната за 13 отсто во последните 20 години.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Избрана новата македонска Влада со премиерот Христијан Мицкоски



*Европскиот комесар за проширување и соседска политика Оливер Вархеи упати честитка до премиерот Христијан Мицкоски и новата Влада, кои веднаш по изгласувањето во Собранието беа на гости кај претседателката на државата Гордана Сиљановска Давкова*

Македонија ја доби својата 20-та Влада од независноста до денес а Христијан Мицкоски е 13-от премиер. За нејзиниот избор имаше 77 гласа „за" и 22 гласа „против" (од пратениците од СДСМ и Левица), додека пратениците од коалицијата „Европски фронт" (предводена од ДУИ) ја напуштија седницата кратко пред гласањето.

Со Мицкоски на премиерската позиција во Владата ќе има уште 23 члена, а од нив петмина ќе бидат и вицепремиери. Шеснаесет од членовите на владиниот кабинет, вклучувајќи го и премиерот, се од редовите на коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, шестмина се од коалицијата „Вреди" (ВЛЕН) и двајца од политичката партија ЗНАМ.

Премиерот Мицкоски и новите министри дадоа свечена изјава на Република Северна Македонија.

Свечена заклетва со уставното име даде и новоизбраниот потпретседател на Собранието Антонијо Милошоски (не беше присутен на денот на неговиот избор).

## Најавен фуриозен старт

Во експозето пред гласањето за неговата Влада, Мицкоски од собраниската говорница рече дека на „граѓаните им е доста од препирки" и оти е „потребна работа, посветеност, одговорност и конкретни проекти".

- Во првите сто дена ќе ги подигнеме стандардите, макотрпно ќе работиме, ќе се грижиме, државата ќе се менува. Ќе има намалување на даноците а зголемување на пензиите, Владата ќе отпочне проект со над 200 милиони евра за општински проекти, една милијарда евра за македонската економија, нови странски инвестиции за нови вработувања, бесплатни учебници за сите, фронт против корупцијата, борба за раст до 5% на македонската економија и почеток на капитални инфраструктурни проекти и други проекти.

Мицкоски нагласи дека ова ќе биде влада за народот.

## Додека сум јас премиер бугарски от диктат нема да помине

Во своето експозе пред гласањето за новата влада Мицкоски рече дека сè додека тој е премиер бугарскиот диктат под вакви околности нема да помине и нема да има уставни измени.

- Еве уште еднаш да ви појаснам дека ваков бугарски диктат под вакви околности додека сум јас премиер нема да помине и нема да има уставни измени треба тоа да ви е јасно. Направивте грешка, таа грешка секој еден граѓанин ќе го чини многу, но најмногу ќе ја чини Македонија. Зошто? Затоа што тогаш пред да влегувате во такви авантури требаше да седнете како што јас ви подавам рака, требаше вие нам да ни подадете рака и да седнеме да разговараме. Тогаш ќе беше јасно дека таа работа едноставно така како што вие или некој друг ја замислил едноставно не врви. Луѓето што ме знаат, знаат дека мојот збор планини тежи и овие работи што ви ги кажувам, ги кажувам затоа што верувам во тоа и да ќе ја кажам срамната придавка пред заклетвата затоа што тоа мене лично ме потсетува на срамот што и го нанесовте на мојата татковина, на моето семејство и моите неродени внуци и на тие по нив, рече Мицкоски.

## Првата капитулација

Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и нов премиер при давањето заклетва (истото го сторија сите членови на Владата) го изговори уставното име Република Северна Македонија, за што претходно се осврна и во завршното обраќање.

- При заклетвата ќе ја кажам срамната придавка затоа што ме потсетува на срамот што го нанесовте на мојата татковина, на моето семејство, на моите неродени внуци. Ќе правам се што можам додека сум жив оваа неправда да ја исправам. За жал, во овој момент сум немоќен. Во овој момент ќе морам да капитулирам како човек пред вас и да ја кажам, рече Мицкоски.

Опозицијата критикуваше дека новата Влада е далеку од ветувањата што ВМРО-ДПМНЕ ги дала во предизборната кампања. Пратениците од СДСМ критикуваа дека таа е манипулативна и изразуваа сомнежи дека ветените проекти ќе се реализираат.

Пратеничката Бисера Костадиновска-Стојчевска (досегашна министерка за култура) зборуваше за лаги во кампањата на ВМРО-ДПМНЕ кои сега се разоткриени, а имаше забелешки и за идните министри.

- За неколку дена ВМРО-ДПМНЕ погазија многу ветувања, надежта почна да исчезнува. Да потсетиме дека во редовите на ВМРО-ДПМНЕ имаат кандидат кој не ја признава химната и вели дека нема да ја пее. Во ова мнозинство има кандидати кои со своите црвени линии кои ги поставија седнаа на маса со Ванчо Михајлов. За време на кампањата имавте изразени црвени линии, ама сега ја прецртавте бојата, сега нема ниту линии ниту граници кога станува збор за власт, рече Костадиновска-Стојчевска.

Во пресрет на изборот на новата Влада, Христијан Мицкоски, во улога на пратеник до Собранието предложи законски измени со кои се воведоа нови и реорганизираа дел од постоечките министерства.


Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


# Ребаланс во јули, A$162 милиони за општините во август

Ребаланс на буџетот во втората половина од јули, и речиси сто милиони евра за општините во првата половина од август, се плановите на новата Влада, најави премиерот Христијан Мицкоски во интервју за ТВ 24. Тој посочи дека голема е веројатноста, како што вели, првите 100 милиони евра (околу A$162 милиони) да се распределат кон општините за над 150 проекти кои се подготвени.

Прашан за договорот со со „Бехтел и Енка", Мицкоски рече дека никогаш не кажал дека ќе го раскине, но вели, дека е спремен за нови преговори за подобрување на проектот.

- Ваков каков што е проектот, тој што им го ветувал не може да го заврши. Очигледно е дека дури и со оние шверцерски закони со злоупотреба на европското знаменце не помагаат. Наш приоритет се граѓаните и ако тие протестираат, ние сме зад нив. Ние имаме предлог да се променат дел од тие делници за да можеме договорот кој е потпишан под тие услови да го реализираме во периодот за кој е предвиден да се реализира, изјави Мицкоски.

Тој додаде дека е подготвен да разговара со преставниците на конзорциумот, но, како што вели, ваков каков што е проектот не може да помине.

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА:

# На секоја втора приватна фирма и се бара мито, сумите до А$160.000



Централната власт најмногу бара мито од приватните фирми, покажа анкетата на Стопанската комора на Македонија (СКМ) на 138 приватни компании во државата. Повеќе од половината одговориле дека им било побарано мито, а кај 78% од компаниите барањата дошле од централната државна власт.

Бројките покажуваат дека на пет компании им биле побарани повеќе од 100 илјади евра, а на најголем дел од фирмите сумите одат до 10 илјади евра. Од оние што учествувале на тендери се барале до 10 отсто од вредноста.

Но, не биле барани само пари.

- Се барале скапи подароци, потоа услуга и натаму има група на одговори од типот некој да се вработи, да се унапредат во компанијата, некаква донација за политичка партија и слично, посочи Зоран Јовановски, советник на претседателот на СКМ.

Фирмите најчесто добивале барање за корупција во постапка на добивање разни дозволи или одобренија, инспекциска, царинска, тендерска или судска постапка. Има и една група на други одговори кои се во некаква друга постапка, даночна постапка, судска, катастарска. Нула одговори се добиени за постапка на Јавно обвинителство или постапка кога некој вршел ревизија - во таква постапка немало корумптивно барање.

Повеќето компании не пријавуваат барања за мито, дел од нив мислат дека тоа ќе нема ефект, а дел изјавиле дека ќе пропаднат ако кажат дека им било побарано мито.

- Од тие кои се сочиле со корумптивно барање повеќе од половината ништо не презеле. Дел викаат дека е дури и нормално нешто да се даде. Многу мал дел го пријавиле барањето кај претпоставениот.

На прашањето – зошто не сте пријавиле, дали има некакви пречки за да се пријави, најчести се одговорите дека не веруваат дека тоа ќе има ефект, а некои се плашат дека ќе имаат негативни последици за сопствениот бизнис ако пријават, вели Јовановски.

Според анкетата, над 60% од фирмите се сочиле со корупција по два до пет пати годишно.

Од оние што не прифатиле корумптивно барање, речиси половина рекле дека имаат последици врз бизнисот.

Најголемиот дел од компаниите сметаат дека судскиот систем не е ефикасен, дека во власта има поединци кои сакаат брзо да се збогатат, а законите не се применуваат во практика. Предлагаат да се зголемат казните за корупција, а Јавното обвинителство побрзо да постапува по пријавите од Антикорупциска.

Анкетата е спроведена во март годинава, по електронски пат, а се однесува само на 2023 година. Одговориле 138 компании, од кои 75 целосно, на сите прашања. Седиштата на компаниите кои одговориле се во 25 општини низ државата, главно урбани, а работат во 48 дејности. Две третини се фокусирани на домашниот пазар, а една третина се извозници, но вклучени биле и фирми кои не се членки на Комората.

# Николовски предлага градски воз во Скопје



Рокот за изградба на автопатот од Кичево до Охрид засега останува на тој што е даден во програмата на ВМРО-ДПМНЕ, односно до крајот на 2026 година - вели новиот министер за транспорт и врски Александар Николоски, иако, како што кажа, тој ќе направи сè за автопатот да се реализира побрзо. Ќе го чека назначувањето на новиот директор на Јавното претпријатие за државни патишта за, како што вели, да може да каже нешто поконкретно (смета дека постојниот нема капацитет да го води тоа претпријатие).

За изградбата на овој автопат, додаде, има проблем со несериозниот однос со изведувачите, експропријација и свлечиштата, односно т.н. косини. Сите проблеми, додаде, се решливи.

Новиот министер за транспорт и врски исто така смета дека од следната сезона е возможно во Скопје да се воведе градски воз, односно да се искористи постојната железничка инфраструктура (пругите во рамките на градот кон Тетово, Куманово и Велес), за градски превоз со возовите што беа набавени од Кина пред крајот на мандатот на претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ.

– Можеме да размислуваме за воведување на таканаречен градски воз во рамки на градот Скопје. Постојната железничка инфраструктура во градот Скопје е релативно добра и ќе овозможи да се искористи и граѓаните за точно определено време да може да стигнуваат на пример од Драчево до Скопје. Тоа може да почне уште од следната сезона и може да се направи цел железнички прстен околу Скопје, особено со населбите од кои луѓето имаат сега сериозен проблем да дојдат до центарот на градот. На тој начин ќе можат брзо да дојдат до центарот и за тоа ќе можат да се искористат возовите кои се купија на крајот на мандатот на претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ – рече Николоски во интервју за ТВ „Сител".

За изградбата на пругата од Куманово до Деве Баир рече дека веднаш може да гарантира дека ќе се реализираат првите две фази, кои се работат, а за третата за која се предвидени грантови и кредити, потенцира, не е ни почната постапката. Затоа за таа фаза поконкретно ќе може да каже конкретен рок за месец или два.





# Самка Ибраимовски пријавен дека се заканувал по живот на уставни судии

Самка Ибраимовски им се заканувал по животот на уставните судии откако дозволија извршителите да продолжат да наплаќаат долгови. Заканите ги испраќал преку Фејсбук.

Ибраимовски веќе добил повик да оди во полиција. Негира дека написите против судијата Ана Павловска Данева се закани по нејзиниот живот.

Заканите ги пријавил претседателот на УС, Дарко Костадиновски, а биле поврзани со конкретен предмет кој го работел Уставен.

„Поранешен пратеник и претседател на помала политичка партија, незадоволен од Одлука донесена од Уставниот суд, преку социјалните мрежи во континуитет објавува закани и навреди кон судиите, при што го има наведен моето име, најавувајќи убиство и слични противзаконите дејствија", објави уставниот судија Ана Павловска Данева.

Во мноштвото критики на Фејсбук против одлуката на Уставниот суд Самка Ибраимовски меѓу другото има напишано:

„Тоа што го кажа инсајдер за корупција излезе на виделина, денес Уставниот суд го поништи Законот за застареност на долговите. Ова може само кај нас - еднаш одлучено по втор пат истата иницијатива да се рзгледува. Срамота! Ана Павловска Данева која гласаше за поништување на законот - колку земавте? Ама ќе ти дојде и на тебе крајот со бандата криминална што соработуваш. За ова ќе има убиства. Кој ќе одговара што вие го натоваривте магарето? Но од денес пазете се. Ќе видам кој гласал и ќе видите што ќе се случи." - напишал Ибраимовски на Фејсбук.


**Жељко Стојаковиќ**
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971


# Разрешена Бесија Иљази, екон. дир. на Токсикологија што не зборе македонски




На својот прв ден како министер за здравство, Арбен Таравари потпиша разрешување на осум економски директори на клиники во Скопје, а кои имаат статус на вршители на должностите. Меѓу нив и на Бесија Иљази, досегашна в.д. економски директор на Клиниката за токсикологија.

Иљази беше во центарот на бројни скадали, меѓу кои и враќање на работа на болничарот што на камера призна дека барал урина со наркотици да биде заменета со чиста урина, не ја осигуруваше болницата поради фаворизирање на нејзин брокер, но и одбиваше да зборува на македонски јазик и на работа доаѓаше со преведувач. Бидејќи таму нема ниту медицински директор, се шпекулира дека во најскоро време ќе биде назначен д-р Андон Чибишев, долгогодишен професор на Медицинскиот факултет, поранешен пратеник од ВМРО-ДПМНЕ и екс-директор на Клиниката за токсикологија.

Инаку, покрај Иљази разрешени се економските директори на Клиниките за дерматологија, Физикална медицина, Стоматологија, Психијатриската клиника, Ендокринологија, Неврологија и Максилофацијална хирургија. Во скопскиот Клинички центар има вкупно 14 в.д. економски директори. А таква функција постои и во сите болници ширум земјата.

Како што изјави Таравари, за оние економски директори кои што не се вршители на должност, туку имаат менаџерски договори, потребни ќе бидат измени во Законите, кои ќе бидат иницирани во најскор рок (за неколку месеци) за и тие да ги напуштат клиниките и функцијата економски директор да престане да постои.

Крајната цел е клиниките на Клинички центар да се спојат во една организациска единица.

Досега секоја клиника имаше медицински и економски директор, кои функционираа со врзани потписи, односно без двата потписи не можеа да се спроведуваат одлуки клучни за функционирањето на јавните здравствени установи.

До владата на Никола Груевски Клиничкиот центар во Скопје беше под еден директор, но се заклучи дека на тој начин многу споро се решаваат економските проблеми на секоја клиника посебно. Па се донесе прво закон за одвојување на секоја клиника а потоа, за да се „ухлебат" уште партиски војници, во 2012 беше донесена одлука за поставување економски директори.

Сега тенденцијата е сосема обратна.

# Непогода каква што не се памти



Силна летна бура со јак ветер, дожд и град погоди повеќе општини од северниот дел на Македонија. Најмногу настрадаа Јегуновце, Тетово, како и скопските општини Кисела Вода и Чаир. Во Тетово поплавени беа над 100 куќи па на помош на граѓаните им дојдоа поарникарите кои со моторни пумпи ја извлекуваа водата од поплавените објекти. Во неколку случаи вадени се луѓе од поплавени коли. Во еден случај возачот морало да биде изваден преку покривот и во последен миг бил спасен пред да се удави.

Причинетите штети, особено на земјоделските посеви се огромни.

- Не е прв пат ова да ни се случува, досега четири-пет пати како ни се поплавуваат куќите на ова место. Порано оградата од касарната беше со жица а покрај неа имаше одводен канал, но пред некоја година поставија кај оградата ѕид, а каналот го затрупаа и сега водата нема кај да оди и влегува право во нашите куќи. Штетите се огромни, ни се поплавени пелети, фрижидери, печки, мебел и други електрични апарати. Ние не бараме отштета од поплавиве, важно ни е еднаш засекогаш да се реши проблемот со оваа улица, вели Жарко Крстевски, чија куќа редовно при поголеми дождови последниве години се поплавува.

Да се држиме и да си помогнеме кога сме во неволја - упати порака претседателот на ЗЕЛС (заедница на 80 општини во земјата) Орце Ѓорѓиевски, кој, откако заедно со екипите од Кисела Вода ги санираа последиците од невремето во општината каде тој е градоначалник, се упати кон тетовскиот регион.

Информираше дека веднаш излегол во пресрет на барањата на градоначалниците на Јегуновце и на Тетово кои побарале помош и организирал машини за испумпување на водата.

# Крвта на исклучително долговечните луѓе открива суштински разлики

Стогодишниците, кои некогаш се сметаа за ретки, станаа секојдневие и денес се најбрзо растечката демографска група од светското население. Бројката на оваа старосна група речиси двојно се зголемува на секои десет години од 70-тите па наваму.

Колку долго можат да живеат луѓето и што одредува долг и здрав живот, се прашања што ги интересира човекот уште од одамна. **Платон** и **Аристотел** разговарале и пишувале за процесот на стареење пред повеќе од 2.300 години. Стремежот за разбирање на тајните зад исклучителната долговечност не е лесен. Тој вклучува разоткривање на сложената интеракција на генетската предиспозиција и факторите на животниот стил и како тие комуницираат во текот на животот на една личност.

Неодамнешно истражување, објавено во *„Геросајнс“*, открива некои вообичаени биомаркери, вклучувајќи и нивоа на холестерол и гликоза кај луѓето кои живеат и над 90 години.

Со споредба на профилите на биомаркерите на луѓето кои живееле над 100 години и нивните врсници со пократок животен век, научниците ја истражувале врската помеѓу профилите и шансата да станат стогодишници.




Истражувањето опфатило податоци од 44.000 Швеѓани кои биле подложени на здравствени проценки на возраст од 64 до 99 години. Од овие луѓе, 1.224 или 2,7 отсто ја доживеале стотата. Мнозинство (85 отсто) биле жени.

Биле вклучени 12 биомаркери базирани на крв поврзани со воспаление, метаболизам, функција на црниот дроб и бубрезите, како и потенцијална неухранетост и анемија. Сите биле поврзани со стареење или смртност во претходните студии. Исто така, биле разгледани маркери поврзани со метаболичкиот статус и функција, вклучувајќи холестерол и гликоза, креатинин кој е поврзан со функцијата на бубрезите како и железото и вкупниот капацитет за врзување на железо кој е поврзан со анемија. Исто така, бил истражуван и албуминот, биомаркер поврзан со исхраната.

Откриено е дека оние кои стигнале до 100-от роденден имале тенденција да имаат пониски нивоа на гликоза, креатинин и урична киселина од нивните 60-ти па нагоре.

Кога научниците истражувале кои биомаркери биле поврзани со веројатноста личноста да стигне до 100 години, било откриено дека сите освен 2 од 12 биомаркери покажале поврзаност со веројатноста лицето да наполни 100 години. Сепак, истражувањето не дозволува никакви заклучоци за тоа кои фактори на животниот стил или гени се одговорни за вредностите на биомаркерите.

Разумно е да се мисли дека фактори како што се исхраната и внесот на алкохол играат улога. Следењето на вредностите на бубрезите и црниот дроб, како и гликозата и урична киселина како што стареете, веројатно не е лоша идеја.

Со тоа кажано, шансата веројатно игра улога во одреден момент во достигнувањето 100-годишна возраст. Но, фактот дека разликите во биомаркерите може да се забележат долго време пред смртта сугерира дека гените и начинот на живот исто така може да играат улога.

**НОВ ЗЕЛАНД:**

# Го тужела момчето бидејќи не ја однел на аеродром

Жена од *Нов Зеланд* го тужеше своето долгогодишно момче поради прекршување на „вербален договор“ со тоа што не ја однел на аеродром, што резултирало со пропуштање лет до концерт и принудувајќи ја да го одложи патувањето за еден ден. Жената му кажа на трибуналот за спорови на *Нов Зеланд* дека била во врска со мажот шест и пол години додека не дошло до несогласувањето.

Според трибуналот, жената договорила да присуствува на концерт со своите пријатели. Нејзиното момче се согласило да ја пренесе до аеродромот и да остане во нејзината куќа за да ги чува нејзините две кучиња додека таа била отсутна.

Таа му испратила порака претходниот ден со временска рамка од 10 до 10:15 часот во која ќе треба да ја земе.



Но, тој никогаш не пристигнал, поради што таа го пропуштила својот лет.

Жената рече дека имала повеќе трошоци како резултат на тоа, вклучувајќи ги и трошоците за патување следниот ден, шатл до аеродромот и ставање на нејзините кучиња во одгледувачница.

Таа, исто така, платила билети за траект за неа и нејзиното момче да одат на одмор во посебно време за да ги посетат нејзините синови, и тврдела дека треба да ѝ бидат вратени трошоците за неговиот билет.

Жената сведочеше дека склучила „вербален договор“ со нејзиниот партнер дека ќе ја однесе на аеродром и ќе ги чува нејзините кучиња. Таа тврди дека мажот *„уживал да престојува во нејзината куќа“* бидејќи во минатото се грижел за нејзините кучиња.

Но, судијата на трибуналот **Крисија Кауви** рече дека за договорот да биде спроведлив, треба да има намера да се создаде *„правно обврзувачки однос“*.

*„Партнерите, пријателите и колегите прават социјални аранжмани, но малку е веројатно дека тие можат да бидат законски спроведени освен ако страните не извршат некаков чин што покажува намера дека ќе бидат обврзани со нивните ветувања. Кога пријателите не ги исполнуваат своите ветувања, другата личност може да претрпи финансиска последица, но не може да се компензира за таа загуба. Има многу примери на пријатели кои разочарале, меѓутоа, судовите тврдат дека тоа е загуба која не може да се надомести, освен ако ветувањето не отиде подалеку од тоа да биде услуга меѓу пријателите и не стане ветување за кое тие имаат намера да бидат обврзани“*, напиша таа.

**Кауви** откри дека природата на ветувањата се *„разменувале како нормално давање и земање во интимна врска“* и дека нема *„ништо што укажува на намера меѓу страните“* момчето на жената да биде обврзано со неговите ветувања.

*„Страните не презедоа никакви чекори за да покажат намера да го извлечат договорот од ветување меѓу пријателите и да создадат правно обврзувачки последици. Иако беше дадено ветување, тоа не е договор. Тоа е дел од секојдневните семејни и домашни договори за односи кои не се применливи во судот за спорови“*, изјави таа.

Според наредбата, дечкото испратил мејл во кој напишал дека нема да присуствува на сослушувањето во трибуналот и не одговорил на последователниот повик од судијата на трибуналот. Барањето за компензација е отфрлено.

# Приведени криминалци од Прилеп кои со пиштол и се закануvале на продавачка, едниот бил бегалец од затвор



Полицијата приведе двајца криминалци од *Прилеп*, кои претходно со пиштол се заканувале на 35-годишна прилепчанка пред продажниот објект каде што била вработена.

Како што информираа од *МВР*, приведените се 27 и 33-годишник со иницијали **С.Р.** и **Д.Д.**. Тие по инцидентот биле фатени на улицата *„Борка Талески“* во градот. Кај нив биле пронајдени и одземени два пиштоли.

Според информациите од полицијата, **С.Р.** бил баран и по потерница поради бегство од затворот во *Прилеп* и напад со нож врз чувар во затворот, во април годинава.

По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

# Залутан куршум заврши во грбот на скопјанец додека возел велосипед низ Чаир



Додека 35-годишниот **А.Ф.** од Скопје се возел со својот велосипед во *Чаир*, почувствувал болка во грбот. Бил пренесен во болница, каде било констатирано дека бил погоден од залутано зрно од огнено оружје.

Според информациите од *МВР*, настанот се случил на 18 јуни напладне, а велосипедистот завршил на Комплексот клиники *„Мајка Тереза“*.

Се преземаат мерки за расчистување на случајот, рекоа од полицијата.

# Струмичанка од странство платила A$13,000 за реновирање на куќата, кога се вратила видела дека ништо не е пипнато



36-годишна жена од струмичко село пријавила дека била измамена од едно лице за сума од повеќе од 8.000 евра (A$13,000).

Според пријавеното, таа се договорила со познато лице да работи на реновирање на нејзината куќа, по што на крајот на февруари и почетокот на март 2024 година во три наврати, додека била во странство, му ги пратила парите. Како што е пријавено, откако се вратила видела дека работите не се завршени, а на 22.06.2024 лицето ја известило дека нема да продолжи да работи на куќата.

За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство *Струмица*, а по негово документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

# Во пожар во Струмица изгореа три куќи, две лица повредени



Покривите на три куќи во *Струмица* целосно изгореа во пожар кој бил пријавен во саботата во *ТППЕ Струмица*, а две лица се повредени.

*- Во 10:56 часот на улица „Крушевска Република“, над Момин Бунар, ТППЕ Струмица со пет противпожарни возила и 18 пожарникари интервенираше на гасење на запалени куќи. Опожарени се вкупно три куќи и причинета е значителна материјална штета. Во акцијата на гасење и спасување, пожарникарите од едната куќа успеаја да извлечат две постари лица кои беа повредени од пожарот и да ги предадат на екипите на брза помош,* информираат од *ТППЕ Струмица.*

Пожарот, како што посочуваат од *ТППЕ Струмица,* набрзо е целосно локализиран, а пожарникарите останале на локацијата уште неколку часа заради евентуално разгорување поради високите температури.

Причините за пожарот ќе ги утврди увидна екипа на *МВР*.

# Спасена тинејџерка што паднала во дол кај манастирот „Св. Илија“

Извлечено е 16-годишно девојче што паднало во дол кај *Струмица* и пренесено е во струмичката болница, соопшти *Центарот за управување со кризи (ЦУК)*. Девојчето во понеделникот вечерта паднало во дол кај манастирот *„Свети Илија“* над *Струмица*. Случајот на 112 го пријавила мајката и известила дека нејзината ќерка има повреди на главата, но не ја знаела точната локација. По барање на операторите и тинејџерката потоа се јавила на 112 и вознемирена раскажала за повредите, но не знаела да го посочи точното место на кое што паднала. Операторите преку системот на 112 ја утврдиле точната локација, а спасувачките екипи веднаш излегле на терен, ја пребарале посочената локација и, откако најпрво викајќи оствариле гласовен контакт со повреденото и исплашено лице, набргу потоа успеале да ја најдат.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Новата станица во Кеон Парк е преместена на неколку метри од зградата



Горан Торбаков е актуелен претседател на MCWA (Добротворната асоција-ција на Македонската заедница во Мелбурн), со повеќе од 30 вработени и голем број волонтери која е главен обезбедувач за промоција на здравјето и добробитот на Македонската заедница и нуди сервиси и услуги на поширокото општество



Минатава седмица во северното предградие *Кеон Парк* министерот за транспорт и инфраструктура **Дени Пирсон** официјално ја отвори 50-тата модернизирана железничка станица во *Мелбурн*. Тоа е децениските проект за отстранување на железничките премини од патиштата со станици-надвозници со кој на власт додоа лабуристите во *Викторија* и до денешен ден работат на тоа.

Но, од овој проект **Горан Торбаков**, поранешен советник во владата на **Никола Груевски** и некогашен претседател на Македонската заедница во *Викторија*, е незадоволен. Тој во петок се разбудил утрото во 7:30 часот, со првата гласна објава преку разгласот од станицата која е на само неколку метри од неговиот прозорец. Неговиот стан е на второт кат од зградата спроти платформата на новата станица во *Кеон Парк*.

Инаку метро станицата *Кеон Парк*, на линијата *Мернда*, постои преку стотина години но сега е преместена и издигната високо над патот.

Растојанието помеѓу становите и платформата на станицата е околу четири или пет метри, а жителите на зградата се загрижени за светлата што им светат право во спалните доцна навечер, бучавата и недостатокот на приватност.

*„Утрово ме разбуди: 'Почитувани патници, оваа станица сега е отворена' од управителот на станицата. Беше 7.30 часот"*, изјави **Торбаков** за медиумите.

*„Ние не сме против железничката станица. Тука е и мора да живееме со неа. Но, барем сакаме тие да почнат да се грижат за нас, наместо да се грижат за нивниот политички спин и камерите дека е изградена оваа прекрасна станица"*.

Секој што купил стан пред владата да ги објави плановите во 2022 година, може да го продаде на владата. Низ двете згради од 100 стана, 45 се подобни за таа опција.

*„Досега има помалку од 10 што се пријавиле за тоа"*, рече **Мет Торп**, генерален менаџер на проектот за изградба на станицата.

Жителите кои купиле станови по објавувањето на планот за станицата не ги исполнуваат условите за таа понуда бидејќи знаеле што ќе се гради.

*„Ако сте купиле откако плановите за градба на станицата беа објавени, па сте се вселиле откако е посочено дека ќе градиме, тоа е очигледно поинакво сценарио"*, рече министерот **Пирсон**.

**Анџела Вилела**, жител во зградата и поранешен советник во општина *Даребин*, не беше заинтересирана за изговорите од политичарите.

*„Не може просто само да не исплатат"*, им рече **Вилела** на новинарите по прес-конференцијата на министерот. *„Живеам во Резерво. Го купив овој стан за да можам да живеам блиску до мајка ми. Јас сум нејзин негувател. Не е толку лесно само да се купува и продава"*.

**Вилела**, која рече дека луѓето можат да гледаат во нејзината спална соба од станицата, го поздрави отстранувањето на преминот и рампата што беше на улицата *Махони*.

*„Но, дојдовме од железничка станица со големина на една гаража до нешто што наликува на Таџ Махал. Огромно е ова здание"*.

**Торбаков**, кој е и претседател на куќниот совет на зградата, рече дека шемата за откуп само ќе резултира со доведување на социјални случаи и повеќе очајни луѓе кои ќе живеат со несакана бучава, светлина и патници кои гледаат во нивните прозорци. Тој потенцираше дека владата на **Даниел Ендрус** во 2022 навистина објави дека ќе се модернизира станицата, но дури во април 2023 година објавија дека ќе градат и ништо не кажаа оти ќе се релоцира станицата од другата страна на улицата, и што е најтрагично до денес не може да се видат плановите.

*„Она што им го кажавме е: Ова не е доброволно, ова е принуден откуп"*", рече **Торбаков**.

*„Сè што бараме од нив е да ни постават прозорци со двојно или тројно стакло за да се намали бучавата и да ги покриеме нашите балкони со некакви ролетни за да ја заштитиме нашата приватност"*.

**Торп** рече дека станицата морала да биде повторно изградена преку патот поради надземните кабли за струја со висок напон што ја направиле оригиналната локација неостварлива, но дека тимот се обидел да работи со заедницата за да го најде најдобриот исход.

*„Ние знаевме дека ќе има протести од некои жители. Онаму каде што постои опција да се прилагоди дизајнот, ние го правиме тоа во договор со жителите"*, рече **Торп**. *„Некои работи не можат да се променат, како што е локацијата на станицата. Близината до овие станови не беше нешто што може да се менува.*

**Пирсон** рече дека 220 дрвја и 44.500 грмушки ќе бидат засадени во областа.

*„Ние работевме со афектираните жители"*, рече тој. *„Сакам да и се заблагодарам на заедницата за нејзиното трпение додека продолжуваме со овој проект на отстранување на крстосници каде се срекаваат шини и пат"*.


Austral
aluminiumproducts
Commercial Available




Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.

Ph.: (03) 9357 4177
Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)
www.australw.com.au

### КОРЕНИТЕ НЕ СЕ ЗАБОРАВААТ:

# Волкановски ја крштеваше ќерката во македонска црква

Ултимејт фајт шампионот со македонско потекло, **Александар Волкановски** од *Шелхарбор*, ја крштеваше својата трета ќерка во македонска православна црква во *"Св. Климент Охридски"* во *Порт Кембла.*

Роден во *НЈВ*, со татко Македонец и мајка Гркинка, секогаш гордо го потенцира потеклото на таткото **Тоде** од битолското село *Беранци*. Многупати се слика и со знамето со шеснаесет краци, а минатата година беше главен спонзор на *ФК Младост* од *Беранци*. **Волкановски** е семеен човек и многу приватен кога




© Instagram/alexvolkanovski

станува збор за неговиот личен живот. Неговата сопруга Ема со која се од школските денови заедно го придружува на повеќе настани, но повеќето фанови веројатно не знаат многу за неа. **Волкановски** и сопругата **Ема** имаат три ќерки, **Аријана**, **Арли** и **Реин**. Најмалата **Реин** е родена во 2023 година и таа беше крштевана во православна црква.


## ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

*Отворени сме за вечера Четврток - Сабота, од 18 часот до доцна.*

*Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.*

*Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.*



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073


## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*


РЕКЛАМИРАЈТЕ СЕ КАЈ НАС!
Australian Macedonian TODAY
21 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY
Австралиско Македонски Неделник
За сите информации: 0411 136 151

# Запирање на воената помош за Украина доколку таа одбие да преговора со Русија



Двајца блиски советници на поранешниот американски претседател **Доналд Трамп** му претставија план за ставање крај на руската војна во *Украина*, доколку победи на претседателските избори, што вклучува и кажување на *Украина* дека ќе добие повеќе американско оружје само ако влезе во мировни преговори.

*САД* во исто време ќе ја предупредат *Москва* дека секое одбивање да преговара ќе резултира со зголемена американска поддршка за *Украина*, изјави во интервју за агенцијата *Ројтерс* пензионираниот генерал-полковник **Кит Келог**, еден од советниците на **Трамп** за национална безбедност.

Според планот што го подготвија **Келог** и **Фред Флејц**, кои и двајцата служеа како началници на кабинетот во Советот за национална безбедност на **Трамп** за време на неговото претседателствување 2017-2021 година, ќе има прекин на огнот врз основа на преовладувачките борбени линии за време на мировните разговори.

Тие му ја претставија својата стратегија на **Трамп**, а поранешниот претседател „*одговори позитивно*“, рече **Флејц**.

*– Не тврдам дека тој се согласи со тоа или се согласи со секој збор од него, но бевме задоволни што ги добивме повратните информации што ги добивме*, рече тој.

Сепак, портпаролот на **Трамп**, **Стивен Чеунг**, рече дека само изјавите дадени од **Трамп** или овластени членови на неговата кампања треба да се сметаат за официјални.

Стратегијата наведена од **Келог** и **Флајц** е досега најдеталниот план на соработниците на **Трамп**, кој рече дека би можел брзо да ја реши војната во *Украина* ако го победи претседателот **Џо Бајден** на изборите на 5 ноември, иако не разговарал за конкретни решенија како би го направил тоа. Предлогот ќе означи голема промена во позицијата на *САД* за војната и ќе се соочи со противење од европските сојузници и во самата Републиканска партија на **Трамп**.

*Кремљ* соопшти дека секој мировен план предложен од можната идна администрација на **Трамп** ќе мора да ја одразува реалноста на теренот, но дека рускиот претседател **Владимир Путин** останува отворен за разговори.

*– Вредноста на кој било план лежи во нијансите и во земањето предвид на реалната состојба на работите на теренот. Претседателот Путин постојано кажува дека Русија била и останува отворена за преговори, земајќи ја предвид вистинската состојба на работите на теренот. Остануваме отворени за преговори*, изјави за *Ројтерс* портпаролот на *Кремљ*, **Дмитриј Песков**.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС

БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### МАКРОН:

# Би разговарал со Путин, верувам во моќта на дијалогот



Францускиот претседател **Емануел Макрон** призна дека не разговарал со рускиот претседател **Владимир Путин** во последните неколку месеци, но вели дека би сакал да го продолжи дијалогот со рускиот лидер.

*„Верувам во моќта на дијалогот и би го продолжил со Путин. Немаше дијалог во последните неколку месеци“*, рече **Макрон**, додавајќи дека би можеле да разговараат и за прашањето за нуклеарните централи.

Во март, францускиот претседател ја отфрли идејата дека односите меѓу него и **Путин** се заладени и потсети дека тој неколку пати разговарал со рускиот претседател откако *Русија* започна војна во *Украина*.

### НОВИ НЕМИРИ ВО НОВА КАЛЕДОНИЈА:

# Запалени градското собрание и зградата на полицијата

Во *Нова Каледонија* избувнаа нови немири и беа запалени зградите на градското собрание и полицијата, откако седуммина приведени, активисти за независност на француската прекуморска територија, беа префрлени во *Франција* на истражен притвор, соопштија властите. Немирите избувнаа бидејќи трансферот на уапсените, кои се обвинети за организирање на минатомесечните насилни протести во *Нова Каледонија*, се сметаше за „политичка депортација“, изјави локалниот обвинител.

Обвинителот изјави дека префрлањето на уапсените со авион бил организирано во текот на ноќта и дека тие биле префрлени за да може истрагата против нив да продолжи „без никаков притисок“. Ситуацијата во *Нова Каледонија* останува многу напната по апсењето на 11 активисти за независност, осомничени дека планирале насилни протести од 13 мај. Немирите во *Нова Каледонија* избија кога францускиот парламент расправаше за нацрт-законот со кој на илјадници француски граѓани на архипелагот ќе им се даде право да гласаат на покраинските избори.

Движењето за независност на *Нова Каледонија* стравува дека таквата промена ќе го ослабне политичкото влијание на домородниот народ *Канак*. Девет лица, вклучително и двајца полицајци, загинаа во насилството кое оштети бизниси, продавници и домови. Францускиот претседател **Емануел Макрон** ги суспендираше измените на изборниот закон во *Нова Каледонија*, по што прекинаа немирите.




### НАЈЏЕЛ ФАРАЖ:

# Грешките на Западот во Украина се катастрофални



Лидерот на британската десничарска Реформска партија, **Најџел Фараж** изјави дека нема да се извини за изјавата дека Западот го испровоцирал конфликтот во *Украина*, инсистирајќи дека тој не е *„апологет или поддржувач на* ***Путин****“*.

*„Не ме обвинувајте што ја кажав вистината за војната на* ***Путин*** *во Украина. Соочувањето со фактите за грешките од минатото мора да биде првиот чекор кон мирната иднина што сите ја посакуваме“*, рече **Фараж**. Тој во интервју за *Би-Би-Си*, рече дека Западот ја испровоцирал војната во *Украина* со проширување на *Европската унија* и *НАТО* на исток и дека не го сака рускиот лидер **Владимир Путин**, но дека му се восхитува како политичка личност бидејќи тој успеа да ја преземе контролата врз раководството на *Русија*.

# Кинеската сонда се врати со примероци од карпи од подалечната страна на Месечината



Кинеската лунарна сонда „Chang'e-6“ се врати на Земјата со првите примероци од карпи земени од „темната“ страна на Месечината, што претставува голема пресвртница за растечката вселенска програма на земјата и истражувањето на природниот сателит на нашата планета. Капсулата паднала во степите на северниот кинески регион Внатрешна *Монголија* во вторникот, покажаа слики во живо што ги емитуваше кинеската државна телевизија. *Кина* последен пат врати примероци од карпи во декември 2020 година. *Соединетите држави* и *Советскиот сојуз* извршија свои мисии во 1960-тите и 1970-тите. Сепак, ова е прва мисија за извлекување примероци од страната на Месечината која никогаш не се гледа од Земјата. Научниците се надеваат дека ќе обезбедат нови сознанија за историјата на сателитите на Земјата. Лендерот на вселенското летало „Chang'e-6“, именуван по кинеската божица на Месечината, слета на јужниот пол на Месечината – областа *Аиткен* на 2 јуни. Кинеските истражувачи претпоставуваат дека вратените примероци ќе се состојат од вулкански карпи стари 2,5 милијарди години. Примероците може да содржат и траги од претходни удари на метеорити, што би можело да понуди индиции за тоа како се формирал Сончевиот систем. Враќањето на капсулата на Земјата го означува крајот на шестата кинеска месечева мисија од 2007 година.

Мисијата „Chang'e-5“ донесе примероци од поблиската (видливата) страна на Месечината во 2020 година. Пред тоа, *Кина* стана првата земја што слета на подалечната страна кога роверот „Chang'e-4“ го истражуваше теренот таму во 2019 година.

Слетувањето на Месечината на „темната“ страна е исклучително тешко. Во неодамнешното минато, неколку сонди од *Индија, Израел, Јапонија* и *Русија* не стигнаа како што беше планирано.

# ВО ТАСМАНИЈА: ВРАБОТУВААТ ШЕТАЧ НА РЕТКИ ЖИВОТНИ И НАБЉУДУВАЧ НА SВЕЗДИ



Австралискиот комичар Џош Томас се појавува во кампањата на Туристичкиот сојуз на Тасманија

Тасманија започна иницијатива за „чудни работни места“ за да го поттикне туризмот во текот на зимските месеци.

Австралиската островска држава им нуди на луѓето можност да ја заменат редовната работа за необична привремена улога за време на вонсезоната.

Истражувач на паранормални работи, шетач на вомбати и набљудувач на sвезди се меѓу 10-те работни места што се во огласите.

За успешните апликанти ќе бидат покриени сите трошоци: патување, храна и хотели, велат од туристичкиот одбор на Тасманија. Огласот е отворен за оние кои се заинтересирани за „историја и мистерија“ и вклучува пребарување на паранормални активности со помош на „најновата опрема за лов на духови“ во Вилоу Корт.

Се нуди и работа како „организатор на школки“, што подразбира сортирање, чистење и категоризирање на остригите штотуку собрани од Големиот залив на остриги. Ќе има и можности за „тестирање на вкусот“ на остригите.

Вљубениците во возови се поканети да аплицираат за работата набљудувач на возови, во која апликантот ќе се придружи на екипажот на парниот воз „Линчфорд експрес“ додека патува долж западниот брег на Тасманија.

Исто така, се бараат гледачи на sвезди заинтересирани да се приклучат на Астрономското друштво на Тасманија за една ноќ да го набљудуваат небото.

Има и работни места за ловци на тартуфи, шетачи на вомбати, за оние кои се подготвени да ги земат торбарите „на утринското шетање“.

Од Туристичкиот сојуз на Тасманија велат дека 1,25 милиони луѓе го посетиле островот минатата година што е повеќе од претходната година, но сепак имало 1,35 милиони посетители во 2019, пред пандемијата.

Зимата трае од мај до август во Тасманија, каде температурите вообичаено паѓаат помеѓу 3 и 11 Целзиусови степени. Само возрасните жители кои моментално живеат во Австралија имаат право да аплицираат за необичните работни места.

## ИЛОН МАСК БАРА ОД ПОРАНЕШНИТЕ ВРАБОТЕНИ ДА ВРАТАТ ПАРИ



Илон Маск бара од шестмина поранешни вработени во Австралија да ги вратат средствата кои биле платени по грешка, според извештајот на Sydney Morning Herald. Компанијата, наводно, предупредила на потенцијални правни дејствија за враќање на овие преплатувања, што се случиле поради грешка при конверзија на валута од американски долари во австралиски долари. Внатрешна комуникација од одделот за човечки ресурси на X во Азија Пацифик открива дека преплатувањата, кои се случиле во јануари 2023 година, се движеле од 1.500 до 70.000 долари по лице.

Никој од поранешните вработени не ги вратил преплатените суми, стои во извештајот. Според австралискиот закон, таквите грешки при преплатување мора да бидат компензирани, иако вработените имаат право да побараат од компанијата детално објаснување и доказ за грешката.

### СМЕТКА




Пијан Трпе ја чита сметката во кафана:
- 2 коњака - 120
- салата - 85
- ако помине - 130
- 4 пива - 320

Го вика келнерот:
– Што ти е ова “ако помине”?
– Е не помина...

### ЗАКОН

Трет закон на физиката:
“Тело што застанало пред фрижидер, нема намера само да гледа”

### АМСТЕРДАМ

Кинески турист оди во една од црвените соби во Амстердам и ѝ вели на госпоѓата:
– Плаќам за еден час, ама сакам да свршам 40 пати.
– Па тоа не е можно - се зачудила госпоѓата.
– Можно е ако секој пат си замислувам дека сум со друга. За тоа ќе треба само да излезам од вратата и пак да влезам.

Се сложила госпоѓата за 200 евра да му дозволи на Кинезот да прави што сака, да го види и тоа чудо.

И си почнал тој, влези еднаш - заврши работа, излези. Два пати, три пати, пет, 10 и така до 39. После 39-тиот пат излегол и го нема да се врати. Госпоѓата излегува да види што е работата и гледа надвор Кинезот го нема. Прашува еден случаен минувач:
– Да не видовте случајно еден Кинез?
– Да, да, цел автобус кинески туристи само што тргна од тука...

### ПОРАКА

Му sвони телефонот на Трпе од непознат број:
– Добар ден Трпе, сигурно се прашувате која сум јас.
– Да.
– Јас сум психијатар.
– Повелете, како можам да ви помогнам?
– Ситуацијата за која ви се јавувам е малку незгодна. Јас сум психијатар на вашата бивша. Веќе доста време не дошла на третман, јас сум малку во криза со пари, а за една недела одам на одмор во Квинсленд. Може ли да ве замолам да ѝ испратите една СМС порака дека ви недостасува?!

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

www.australianmacedonian.com.au


AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1820 Year 37 • Tuesday, 25 June 2024 • Price $4.00 inc GST



Патувајте во Македонија и секаде во светот

AVIO A TRAVEL

335 High St Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile 0401 686 970




## ВЛАДАТА САКА ДА ГРАДИ ВЕТЕРНИЦИ ВО ОКЕАНОТ

КОРЕНИТЕ НЕ СЕ ЗАБОРАВААТ:





# ВОЛКАНОВСКИ ЈА КРШТЕВАШЕ ЌЕРКАТА ВО МАКЕДОНСКА ЦРКВА

И МИЦКОСКИ СЕ ПОДГОТВУВА ЗА МИЦОТАКИС НА НАТО САМИТОТ:



## „СÈ ЌЕ ИМ ИЗНАКАЖАМ, БЕВМЕ ИЗЛАЖАНИ ЗА ИМЕТО СО ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ!"

## ЕУ ВЕЛИ ДА СЕ УКИНЕ БАЛАНСЕРОТ, НЕМА ДРУГА ОПЦИЈА

## МЕРКО ДОБИ КОНКУРЕНЦИЈА - СТРУЖАНЕЦ „ШТАНЦАЛ" ФАЛСИФИКУВАНИ ДИПЛОМИ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при рагање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанунација / неспособност за работа



Tony Siskovski
Director



За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Даку доби два меча суспензија за пцовките кон Македонците, парична казна и за Албанија



УЕФА го суспендираше Мирлинд Даку на два натпревари поради пцовките кон Македонците и Србите по крајот на натпреварот против Хрватска. Европската куќа на фудбалот ја казни и Фудбалската федерација на Албанија со нешто над 47.000 евра поради однесувањето на навивачите.

На дуелот помеѓу Албанија и Хрватска во Хамбург од трибините се слушаше скандирање „Убиј го Србинот", а по последниот свиреж на судијата фудбалерот Мирлинд Даку зеде мегафон во раце и почна да скандира со навивачите на Албанија, притоа користеше навреди и пцовки за Македонците и Србите.

Со оглед на тоа што Албанија отпадна од понатамошните натпревари на ЕВРО24, казната ќе му се засмета во следните два насташи на репрезентацијата.

# Евро 2024: Словенија избори осминафинале, додека Србија, Хрватска и Албанија не ги помина групите




Од четири балкански репрезентации на Евро2024 само една останува во натамошниот тек на првенството.

Имено Словенија (иако како една од четири третопласирани по групите со најдобар скор) се пласира помеѓу 16-те кои ќе продолжат со елиминациите. Ова е историско достигнување за „змајчеките". Всушност во Групата Ц вторпласираната Данска и третопласираната Словенија се изедначени во секој можен сегмент (имаат по три нерешени, иста гол-разлика, ист број на жолти картони...), но Данска ќе оди понатаму како второпласирана само поради подобриот УЕФА коефициент во текот на квалификациите за континенталниот собир. Се брои еден гол повеќе што го постигнале пред седум месеци.

Србија отпадна како последно пласирана во својата Група Ц со вкупно два нерешени меча (против Данска и Словенија) и еден пораз (против Англија), со само еден постигнат гол а два примени.

Хрватска и Албанија беа во Група Б и ги освоија третото и четвртото место. Хрватска имаше две нерешени средби (Италија и Албанија) и еден пораз (од Шпанија) со постигнати 3 а примени 6 гола. Албанија, пак, имаше два пораза (Италија и Шпанија) и еден нерешен меч (со Хрватска) и гол диференција 3:5.

### ГАРДИЈАН СЕ ПРАШУВА:

##Ај што ги навредуваше Србите, ама зошто Македонците?

Албанскиот репрезентативец Мирлинд Даку си обезбеди „популарност", па со неговиот проблем деновиве се занимаваат речиси сите светски медиуми и никој не може да сфати како еден професионален фудбалер го искористи ЕП за испраќање политички пораки и навреди кон цели народи.

На таа тема пишува и угледниот британски весник „Гардијан", а на авторот на текстот му се нејасни некои работи во овој случај.

„Даку е Албанец роден во Косово и нетрпеливоста и омразата со Србија се добро познати и документирани. Но логиката да се навредуваат Македонците не е очигледна и е нејасна", пишува, меѓу другото, Гардијан.

Даку е роден во Гњилане во 1998 година, во периодот на најголемите тензии меѓу Србите и Албанците на Косово кои една година подоцна резултираа со воена интервенција на НАТО. Во 2020 Даку дебитираше за косовската репрезентација, но лани го смени дресот и заигра за Албанија со која обезбеди пласман на Европското првенство.

# Саудијци го купуваат осумкратниот француски шампион и носат големо засилување од ПСЖ?!




Во француските медиуми се појави вест дека осумкратниот шампион на оваа земја, Монако, ќе добие нови сопственици и тоа од Саудиска Арабија.

Подолго време Монако е на продажба, а во последните денови се интезивирале преговорите со одредени саудиски инвеститори и детали веќе се појавија во јавноста.

Реномираниот „Л'Екип", освен што објави дека е се договорено помеѓу двете страни, наведува и изненадувачка информација дека на чело на проектот ќе биде Луис Кампос. Ова е огромно изненадување бидејќи Кампс е еден од клучните луѓе во ПСЖ.

Кампос во ПСЖ е задолжен за стратегијата на клубот, а претходно ја изавршуваше и функцијата спортски директор, па така негово евентуално заминување сигурно би било тежок удар за клубот од француската престолнина.

Искусниот 59-годишен Португалец во Монако би бил именуван за претседател со што би добил и одврзани раце да го врати клбуот во врвот на францускиот и европски фудбал. Се пишува и дека во ПСЖ повикале итен состанок со Кампос поради ваквите пишувања.

Останува во наредниот период да видиме што ќе се случува, но нема дилеми дека ако ваквите најави се реализираат тогаш Монако на „голема врата" најавува прекинување на доминацијата на ПСЖ.

# Романец е најбрзиот фудбалер на Европското првенство




Фудбалерот на Романија, Валентин Михаила го има најбрзиот спринт на Европското првенство, објави прес-службата на УЕФА.

Романскиот репрезентативец е на врвот со брзина од 35.8 километри на час, а зад него следи Дан Ндоје од Швајцарија со 35.8 километри на час. Третиот најбрз спринт досега на шампионат го направи напаѓачот на Манчестер Јунајтед, Расмус Хојлунд кој го носи дресот на данската репрезентација (35.5 км/ч).

Изненадување е што дури на осмата позиција на листата се наоѓа Килијан Мбапе. Најбрзиот спринт кој го имаше Мбапе во натпреварот со Австрија беше 35 километри на час.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 19 КОЛО

# Престон Македонија – Бентли Гринс 2:1



Минатава седмица Престон Македонија одигра два натпревара и забележа исто толку победи. Во понеделникот, на гостувањето кај Кингстон Сити беше забележана победа во последните мигови со 1:2. Додека вториот натпревар што се играше в петок, на домашен терен во кој беше пречекан тимот на Бентли Гринс. На оваа средба кога завршуваше првото полувреме Чок Дау ја затресе мрежата и овозможи фудбалерите на Престон да заминат на одмор со предност од 1:0.

Во вториот дел гостите преку Бенџамин Боулер го изедначија резултатот на 1:1.

Решавачки беше голот на Сајед Фатеми за конечните 2:1 и забележување на уште една победа за “лавовите”.

Во петок, на 28 јуни, Престон Македонија ја пречекува екипата на Истерн Лајонс со почеток во 20:30 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 41 |
| Нортхкот Сити | 38 |
| Престон Македонија | 38 |
| Вестерн Јунајтед | 36 |
| Лангварин | 28 |
| Булин Лајонс | 25 |
| Бентли Гринс | 25 |
| Мелбурн Сити | 24 |
| Џорџ Крос | 20 |
| Брансвик Сити | 19 |
| Кингстон Сити | 18 |
| Истерн Лајонс | 18 |
| Вереби Сити | 15 |
| Норт Џилонг | 10 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 19 КОЛО

# Саут Мелбурн – Алтона Маџик Вардар 4:0



Висок пораз на гостувањето кај лидерот на табелата, а головите започнаа уште во 4 минута кога Максимилиан Микола ја затресе мрежата на Вардар за 1:0. За вториот гол се чекаше до почетокот на второто полувреме кога во 47 минута аргентинецот Нахуел Бонада зголеми на 2:0. Десет минути подоцна Микола повторно се запиша како стрелец за 3:0. Додека конечниот резултат го постави Емил Пеиос во 71 минута за 4:0.

Подмладокот на Алтона Маџик Вардар, за разлика од првиот тим, имаше сигурна победа од 1:3 на гостувањето кај Саут Мелбурн.

Алтона Маџик Вардар настапи во состав: Кристиан Роси, Џордан Далидис, Арон О`Дрискол, Стефен Лоулес, Дарси Анастасовски, Нуџ Сехавдиќ, Саад Моукачер, Бул Јуак, Алекс Густ, Мохамед Ел Хаули и Даниел Бабризио.

Во сабота, на 29 јуни, Алтона Маџик ја пречекува екипата на Порт Мелбурн Шаркс со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 47 |
| Авондаел | 42 |
| Хајделберг Јунајтед | 37 |
| Окли Канонс | 37 |
| Хјум Сити | 33 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 30 |
| Мелбурн Најтс | 25 |
| Данденонг Сити | 25 |
| Грин Гали | 23 |
| Алтона Маџик Вардар | 21 |
| Данденонг Тандер | 21 |
| Манингам Јунајтед | 11 |
| Мореланд Сити | 10 |
| Сент Албанс Саинтс | 10 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 21 КОЛО

# Блектаун Сити – Рокдаел Илинден 1:2



Продолжува шампионскиот од на Рокдаел Илинден и забележана е уште една победа за зацврстување на првата позиција на табелата. „Комитите“ уште во првото полувреме го решија натпреварот со головите на Алекс Урошевски во 3 минута од пенал, и вториот во 39 минута за 0:2.

Домаќинот во второто полувреме само го ублажи својот пораз со погодок од пенал на Травес Мејџор во 75 минута за конечните 1:2.

Во недела, на 30 јуни, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Хилс Јунајтед во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 50 |
| Маркони | 41 |
| АПИА Лејкард | 40 |
| Блектаун Сити | 38 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 37 |
| Сиднеј Јуанјтед | 37 |
| Волонгонг Вулвс | 33 |
| Сент Џорџ Сити | 33 |
| Сиднеј Олимпик | 26 |
| Манли Јунајтед | 26 |
| НЈВ Спирит | 24 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 22 |
| Хилс Јунајтед | 18 |
| Сиднеј | 18 |
| Сатерланд Шаркс | 15 |
| Централ Кост Маринерс | 12 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 17 КОЛО

# Бродмедоу Маџик – Вестон Воркерс одложено

Поради постојаните врнежи во овој дел на НЈВ, повеќето средби беа одложени во Њукастел, меѓу нив беше и средбата на нашиот претставник Бродмедоу Маџик.

Во недела, на 30 јуни, Бродмедоу Маџик гостува кај Њукастел Олимпик со почеток во 14:30.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Ламбтон Џафас | 40 |
| Бродмедоу Маџик | 36 |
| Чарлстаун Азури | 28 |
| Еџворт | 23 |
| Валентин | 23 |
| Маитланд | 21 |
| Њукастел Олимпик | 20 |
| Вестон Воркерс | 16 |
| Кукс Хил Јунајтед | 16 |
| Њу Ламбтон | 11 |
| Адамстаун Розбадс | 8 |
| Лејк Маквори | 3 |




**ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 21 КОЛО**

# Сиднеј Македонија – Булс Академи 1:2



Почетокот беше надежен за Сиднеј Македонија кога во 29 минута Џонатан Грездановски донесе водство од 0:1. Но во второто полувреме домаќинот преку головите на Деан Бошњак во 63` и Флин Маден во 91 минута славеше минимална победа од 2:1.

Минатава седмица фудбалерот Крис Пејн најави дека ова ќе биде неговата последна година пред да се пензионира од спортот. Познат како еден од најодликуваните играчи во лигата, и тој дава продонес за изборување на промоција за Сиднеј Македонија во Националната премиер лига на Нов Јужен Велс,

Пејн има 33 години и изјави дека е вистинското време да се збогува оваа сезона со активно учество,

„Другарите се вознемирени што го објавив тоа (повлекување), но чувствувам дека е вистинското време, сакам повеќе да бидам дома, пропуштам многу работи, моето најмладо дете почнува фудбал следната година. Мислам дека е време да и дадам шанса и на жена ми да се одмори.

Освојувањето на титулата би било прекрасно достигнување на крај од сезонава, крајната цел е да се помине годината и да продолжиме да уживаме во неа".

Пејн има богата кариера и настапите вој нашата Сиднеј Македонија и во Националната премиер лига на НЈВ за Сиднеј Јунајтед, АПИА Лејкард, Манли Јунајтед Централ Кост Маринерс и Бонириг Вајт Иглс. Извонредниот напаѓач исто така настапуваше во А-лигата за Њукасл Џетс, Сиднеј ФК и Норт Квинсленд Фјури.

Во сабота, на 29 јуни, Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Данбар Роверс со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит Таун | 51 |
| Булс Академи | 46 |
| Хакоа Сиднеј | 45 |
| Сиднеј Македонија | 36 |
| Блектаун Спартанс | 32 |
| Универзитет НЈВ | 31 |
| СД Раидерс | 29 |
| Нордерн Тајгерс | 29 |
| Кантербури Бенкстаун | 29 |
| Интер Лајонс | 25 |
| Бонириг Вајт Иглс | 22 |
| Ридалмер Лајонс | 20 |
| Макартур Рамс | 18 |
| Дулвич Хил | 15 |
| Непеан | 12 |
| Данбар Роверс | 9 |

**ПЕШИЌ:**

# Овој САД е посилен од „дрим-тимот" на Џордан, Џонсон, Брд...



Селекторот на српската кошаркарска репрезентација, Светислав Пешиќ, изјави дека тимот што САД го испраќаат на Летните Олимписки Игри (ЛОИ) во Париз е подобар од славниот „дрим-тим" на ЛОИ во Барселона во 1992 година.

Сегашната постава вклучува суперѕвезди како Леброн Џејмс, Стеф Кари и Кевин Дурант, кои според Пешиќ формираат посилен тим од Мајкл Џордан, Меџик Џонсон, Лери Брд...

- Овој тим на САД е подобар од оригиналниот „дрим-тим" од 1992 година. Тогаш бев дел од германскиот состав и сите мислевме дека нема подобри играчи од оние кои тогаш беа во нивниот состав. Сепак, нивниот тим во Париз ќе биде посилен од „дрим-тимот". Тогаш сите сакаа да се сликаат со нив. Сега работите не се такви, изјави Пешиќ за Mozzart Sport.

Србија и САД ќе ги одмерат силите во групната фаза на ЛОИ во Париз. Двете селекции се дел од групата Ц, во друштво на Јужен Судан и победникот на квалификацискиот турнир во Порторико, каде се Литванија и Италија.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 13 КОЛО**

# Стирлинг Македонија – Перт 3:1



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 32 |
| Перт Ред Стар | 29 |
| Фриментл Сити | 25 |
| Стирлинг Македонија | 21 |
| Бејсвотер Сити | 20 |
| Вестерн Најтс | 19 |
| Армадел | 17 |
| Флореат Атена | 17 |
| Перт | 12 |
| Перт Глори | 12 |
| Балката | 11 |
| Инглвуд | 4 |

Традиционално изминативе десет години средбата помеѓу Стирлинг Македонија и Перт е посветена во сеќавање на Дилан Томбидис, кој на 20 години почина од рак и беше фудбалер во двата клуба. Гостите изненадија на почетокот и во 18 минута дојдоа до водство. Но потоа следеше серија на Стирлинг Македонија и се редеа головите во 20`, 36 и 58 минута за конечните 3:1.

Во сабота, на 29 јуни, Стирлинг Македонија гостува кај Бејсвотер Сити со почеток во 17 часот.

# „Да бидеме објективни, синот на Леброн не е подготвен за НБА лигата"



Синот на славниот Леброн Џејмс, Брони, официјално се пријави за учество на овогодинешниот НБА драфт и ќе се обиде да добие договор од некоја франшиза која би сакала да го види во своите редови.

Иако Леброн има голема мечта да заигра еден ден со својот син во најсилната светска лига, сепак дел од кошаркарската јавност смета дека неговиот син не поседува доволно квалитет за НБА и помалку брутално му порачаа да си ја побара среќата на друго место.

- Мора да бидеме искрени и да коментираме објективно. Брони ги нема квалитетите што ги поседува неговиот татко, Леброн беше сосема друга приказна. Мислам дека младиот Џејмс не е подготвен за овој предизвик.

Нема поента да го форсираме во НБА само поради татко му, едноставно е очигледно дека тој нема да се снајде во најсилната конкуренција. Брони не е ни одблизу подготвен за НБА лигата и мислам дека сите ќе се согласат со тоа, пишува Сем Весини, кој е експерт за НБА драфтови.

Брони Џејмс минатата година доживеа срцев удар, но потоа целосно закрепна и ѝ се врати на кошарката. Неговиот татко со години мечтае да заигра заедно со неговиот син, па останува да видиме дали таа желба конечно ќе му се исполни.


A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston



03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL

ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА

ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!

☞ ЕВТИНО ☞ УДОБНО ☞ СИГУРНО ☞ ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ☞ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!

За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!

LIC. NO. 32481

335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски денес
ISSN 1442-195X

# СПОРТ

# ДАНА ВАЈТ НАЈАВИ НАЈГОЛЕМ СПЕКТАКЛ ВО ИСТОРИЈАТА НА УФЦ






Претседателот на најпознатата ММА промоција се подготвува за најамбициозниот проект досега. Претходно оваа година возбудено објави дека ќе го донесе UFC во Лас Вегас Сфера, место со капацитет од речиси 19.000 луѓе, чија изградба чинеше три милијарди долари.

Арената, за која беа потребни пет години да се изгради и има неспоредлива видео и аудио технологија, ќе биде домаќин на настанот UFC 306 на 14 септември, два дена пред Денот на независноста на Мексико.

Вајт откри дека веќе потрошил извонредна сума на пари на овој настан, кој ќе биде историски бидејќи не планира да се врати во таа сала.

„Веќе вложив 16 милиони долари за ова. Ова никогаш повеќе нема да се случи. Нема да може да се повтори. Тоа ќе биде најголемиот спортски настан што некој некогаш го видел“, додаде Вајт.

Вајт веќе работи на создавање на епски боречки настан за UFC 306. Во април ја одржа незаборавната годишнина на UFC 300, но ветува дека тоа ќе го надмине тој и секој друг спортски настан во историјата.

„Работиме на тоа (UFC 306) и го дотеруваме секој ден“, рече Вајт. „Сите треба да сакаат да бидат на тој настан. Сите беа возбудени за UFC 300, но овој настан ќе биде уште подобро. Тоа ќе биде нешто што никој досега не го видел во живо“.

За овој настан се уште не е најавена борба. Сепак, Конор Мек Грегор моментално бара нов датум за борба, откако неговата пресметка на 29 јуни со Мајкл Чендлер беше одложена поради повреда.

Како што претходно објавивме, соборецот на Мек Грегор, Питер Квели, неодамна за Ток спорт ММА изјави дека најголемата ѕвезда на UFC најверојатно ќе се врати во септември.

„Изгледа дека тие ќе бараат да ја организираат таа борба некаде во септември“, рече тој. „Такво нешто. Тоа е она што го слушам“.

Тоа има совршена смисла. Славниот Ирец привлекува повеќе гледачи од кој било друг во историјата на ММА.

Времето ќе покаже дали тој ќе биде главна ѕвезда на големиот спектакл во Сфера.

